# Истражување за младински трендови

### Истражувачка методологија

Планираната истражувачка методолија ќе биде утврдена во договор со Агенцијата за млади и спорт и ангажираниот истражувачки тим кој ќе работи на предвидената студија.






### Пристап

- Онлајн анкетни прашалници
- Фокус групи
- Лице во лице интервјуа (извлечени од сите области во рамки на главните прашања во онлајн прашалникот)




### Цел

Истражувањето има за цел да анализира и обработи области, теми и трендови поврзани со младите во Северна Македонија и нивните ставови, верувања, перцепции и искуства.



### Локација

Истражувањето ќе биде спроведено во рамки на осумте плански региони на ниво на Северна Македонија, со еднаква застапеност на учесниците од сите плански региони, како и рурални и урбани места на живеење.



### Временска рамка

Временската рамка која е предвидена за спроведување на истражувањето и обработка на податоците е три месеци од потпишувањето на договорот со Агенцијата за млади и спорт, со вклучување на податоците наративно анализирани во финален извештај и негово одобрување од страна на надлежната институција.

### Учесници

Младите луѓе кои ќе бидат опфатени во истражувањето се на возраст од 14 до 29 години, хетерогени според демографските карактеристики ( пол, возраст, степен на образование, етничка припадност, како и место на живеење).
Учесниците во истражувањето ќе бидат поделени во три групи според возраста:

- 15-18
- 19-24
- 25-29





### Области

- Образование
- Вработување и поддршка пред вработување
- Култура
- Спорт
- Здравје
- Квалитет на живеење
- Учество на младите и локална младинска работа
- Младинско информирање